СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 ноември 2026 година.

Бр. 08-7046/1
18 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА И ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 4/2005, 79/2006, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 30/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21), насловот на законот се менува и гласи: „Закон за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост“.

Член 2

Во членот 1 зборовите: „долготрајниот закуп, времениот закуп“ се бришат.

Член 3

Во член 2 точката 4 се менува и гласи:

„ Корисници наградежно земјиште“ се:

- физички и правни лица кои правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост го стекнале со правна основа, а е запишано во катастарот на недвижности,
- физички и правни лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници на земјиштето во

катастарот на земјиште, односно не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано, односно запишано како сопственост на Република Северна Македонија согласно со Законот за основните сопственосно-правни односи („Службен лист на СФРЈ“ број 6/80 и 36/90), Законот за градежно земјиште („Службен весник на СРМ“ број36/75, 41/75, 10/79, 51/88, 38/91 и 4/93), Законот за промет со земјишта и згради („Службен весник на СРМ“ број 10/79, 18/89 и 21/91 и „Службен весник на Република Македонија“ број 71/96 и 18/99) и Законот за сопственост на делови од згради („Службен весник на СРМ“ број 20/74 и 14/75),

- физичките и правни лица на кои правото на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижностие избришано согласно со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 153/15) и Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18),

- физички лица кои се прогласени за наследници на правата кои произлегуваатод Законот заприватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и

- лицата на кои им е пренесено правото за продолжување на постапката за приватизација на градежно земјиште од лицата на кои правото на користење на градежното земјиштеимбило избришано согласно со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 153/15) и Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18).”.

Точката 5 се брише.

Точката 6 станува точка 5.

Во точката 7 која станува точка 6, зборовите: „меѓу корисникот на градежното земјиште и државата како сопственик на земјиштето, односно трети лица“ се бришат.

Во точката 10 која станува точка 9 зборовите: „Законот за просторно и урбанистичко планирање“ се заменуваат со зборовите: „Законот за урбанистичко планирање“.

Точката 11 која станува точка 10 се менува и гласи:

„11. Објекти изградени со правна основа во смисла на точката 4 на овој член се објектите со запишано право на сопственост во катастарот на недвижности изградени со градежно-техничка документација издадена до влегувањето во сила на Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2001, 92/2008, 139/2009 и 35/10) и Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2001), како и објекти кои постоеле во катастарската евиденција до востановување на катастарот за недвижности и евидентирани во уверение за историски преглед за извршени запишувања на објектот.“.

Член 4

Во член 3 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

Член 5

Членот 5 се брише.

Член 6

Во член 6 во ставот (1) зборовите: „просторните и“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „со кои се утврдува градежната парцела“ се бришат.

Член 7

Во членот 11 зборовите: „и закуп “ се бришат.

Член 8

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) Градежното изградено и градежното неизградено земјиште на кое постојат сокориснички права запишани во катастарот на недвижности во идеални делови се приватизира сразмерно на големината на идеалниот дел од сокорисничкото право.

(2) Градежното изградено земјиште на кое се изградени посебни делови од објект или објект кој е во етажна сопственост, кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на недвижности не се запишани идеални делови од сокорисничкото право, се приватизира во заедничка сопственост на физичките или правните лица како етажни сопственици земјиштето што, согласно со податоците од јавната книга за запишување на правата на недвижности, претставува земјиште под зграда, а останатиот дел од градежната парцела чија површина е дефинирана со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела се приватизира врз основа на доставен геодетски елаборат за нумерички податоци за формирање градежна парцела.

(3) Градежното изградено земјиште на кое се изградени посебни делови од објект или објект кој е во етажна сопственост, кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на недвижности не е запишано право на користење на сопствениците на посебните делови или на етажните сопственици, се приватизира во заедничка сопственост на физичките или на правните лица како етажни сопственици земјиштето што, согласно со податоците од јавната книга за запишување на правата на недвижности, претставува земјиште под зграда, а останатиот дел од градежната парцела чија површина е дефинирана со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела, се приватизира врз основа на доставен геодетски елаборат за нумерички податоци за формирање градежна парцела.

(4) Кога на градежното изградено земјиште на кое се изградени посебни делови од објект или објект кој е во етажна сопственост, кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на недвижностие запишано право на користење во идеален дел на еден или наповеќе сопственици на посебните делови, или на етажните сопственици, градежното земјиште се приватизира во заедничка сопственост на сопствениците на посебните делови на објектот или етажни сопственици кои имаат поднесено барање за приватизација или се приклучиле кон поднесено барање за приватизација согласно со членот 14 од овој закон.

(5) Во случаите од ставовите (2) и (4) на овој член, решението за приватизација претставува основ за бришење на запишаното право на користење на градежното изградено земјиште.

(6) Кога на градежното изградено земјиште дефинирано како градежна парцела постојат два или повеќе објекти на различни сопственици, а во катастарот на недвижности на дел од градежната парцела е запишано право на користење на еден или на повеќе сопственици на објекти кои имаат поднесено барање за приватизација, градежното земјиште ќе се приватизира во сосопственост со Република Северна Македонија согласно со запишаното право на користење во рамки на градежната парцела.

(7) Кога на градежното изградено земјиште дефинирано како градежна парцела постојат два или повеќе објекти на различни сопственици стекнати со правна основа или објект во етажна сопственост, а во катастарот на недвижности на дел од градежната парцела е запишано право на сопственост на еден или на повеќе сопственици на објектите, односно земјиштето е во сосопственост со Република Северна Македонија, делот од градежното земјиште сопственост со Република Северна Македонија ќе се приватизира во сосопственост на сопствениците на објекти, односно етажните сопственици, кои имаат поднесено барање за приватизација или се приклучиле кон поднесено барање за приватизација согласно со членот 14 од овој закон.

(8) Доколку на градежното изградено земјиште постојат два или повеќе објекти стекнати со правна основа од различни сопственици, а на градежното земјиште во катастарот на недвижности нема запишано право на користење на сопствениците на објектите, односно земјиштето е запишано во сопственост на Република Северна Македонија, градежното земјиште може да се приватизира во сосопственостна сопствениците на објектите кои имаат поднесено барање за приватизација или се приклучиле кон поднесено барање за приватизација согласно со членот 14 од овој закон.

(9) Делот од надоместокот што го плаќа секој од етажните сопственици од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, односно сопствениците на објектите од ставовите (7) и (8) на овој член, се определува сразмерно на бројот на објектите, односно бројот на посебните делови од објектот во етажна сопственост спрема вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација. Надоместокот за секој етажен сопственик, односно сопственик на објект,се пресметува на начин што вкупната површина на земјиштето предмет на приватизација се дели со бројот на објектите, односно посебните делови од објектот во етажна сопственост и се множи со висината на надоместокот по метар квадратен утврден според соодветната намена согласно со Уредбата за висина на надоместок за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместокот за приватизација на градежното земјиште. Бројот на објектите, односно посебните делови од објектот во етажна сопственост, се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи врз основа на податоци од соодветната јавна книга за недвижности.

(10) Кога не е извршена целосна приватизација на градежното земјиште од сите етажни сопственици во соодветната јавна книга за недвижности, покрај етажните сопственици кои го приватизирале земјиштето, останува запишана Република Северна Македонија како заеднички сопственик на земјиштето.”.

Член 9

Во член 14 во ставот (6) по зборот „изградени“ се додаваат зборовите: „и неизградени“.

Во ставот (8) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен во случаите од ставот (7) на овој член“.

Во ставот (9) зборовите: „геодетски елаборат за утврдена фактичка состојба и формирање на катастарска парцела“ се заменуваат со зборовите: „геодетски елаборат од извршениот премер во функција на одржување на катастарот на недвижностите заради формирање посебна катастарска парцела”.

Во ставот (10) зборовите: „геодетски елаборат за утврдена фактичка состојба и формирање на катастарска парцела“ се заменуваат со зборовите: „геодетски елаборат од извршениот премер во функција на одржување на катастарот на недвижностите заради формирање посебна катастарска парцела”.

Ставовите (11) и (12) се бришат.

Член 10

Во член 17 став (1) во точката 7) зборовите: „како и стекнато право на сопственост на објект со правна основа од поранешен сопственик на земјиштето“ се бришат.

Член 11

Во член 20-а во ставот (1) зборовите: „до 15.06.2016 година“ се заменуваат со зборовите: „до извршеното бришење на правото на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности, согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 153/15) и Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18)“.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Заклучокот од ставот (2) на овој член се доставува до лицето кое го поднело барањето за приватизација и до Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во рок од пет дена од денот на донесувањето.

(4) Против заклучокот може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот.”.

Ставот (3) станува став (5).

Член 12

Во член 28-а во ставот (2) зборовите: „до 15.06.2016 година“ се заменуваат со зборовите: „до извршеното бришење на правото на користење на градежното земјиште во катастарот на недвижности, согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 153/15) и Законот изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18)“.

Член 13

Во член 28-б по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако во постапката по барањето за приватизација, а по изготвениот записник за увид на лице место од ставот (1) од овој член се наиде на потребата од обезбедување дополнителни докази, рокот за донесување нарешението од ставот (1) на овој член започнува да тече од обезбедувањето на сите докази што произлегуваат од записникот.”.

Член 14

Членот 28-в се менува и гласи:

„(1) По поведување на постапката за приватизација барателот до донесување на решението за приватизација во прв степен, може да го прошири барањето и во однос на градежното земјиште од катастарски парцели кои не биле опфатени во барањето, а се во иста градежна парцела.

(2) Барањето за приватизација од поранешни сопственици на градежното земјиште и физичките лица кои за стекнатото право на користење на градежно земјиште платиле надоместок, може да се прошири и во однос на катастарски парцели кои не биле опфатени во барањето и за кои бил платен надоместок, а се во различни градежни изградени парцели или претставуваатградежно земјиште за кое не е донесен акт за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела.

(3) Во случајкога предмет на приватизација е градежно земјиште од катастарска парцела од стариот премеренкатастар која со востановување на катастарот на недвижности влегува во повеќе катастарски парцели, а зарадиутврдување на површината на градежното земјиште предмет на приватизација, органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи ќе го задолжи барателот со писмено известување во рок од 30 дена од денот на приемот дадостави геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - теренска идентификација со или без премерување на недвижноста.

(4) Врз основа на податоците за катастарските парцели од ставовите (2) и (3) на овој член, органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи по службена должност прибавува податоци од урбанистичко-планска документација од соодветната општина.

(5) Органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи по службена должност прибавува потврда од надлежниот орган кој располага со градежното земјиште во државна сопственост дека не се води постапка за стекнување право на сопственост на градежно земјиште по основ на договор за купопродажба склучен со поранешен сопственик повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот, согласно со одредбите од Законот за градежно земјиште.

(6) Органот на државната управата надлежен за имотно-правните работи е должен по службена должност во рок од пет работни дена да го достави барањето од ставовите (1) и (2) на овој член до Агенцијата за Катастар на недвижности по електронски пат, зарадиприбележување во катастарот на недвижности.

(7) Агенцијата за Катастар на недвижности е должна да изврши прибележувања во катастарот на недвижности на барањата за проширување на барањата за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост доставени согласно со ставот (6) на овој член, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(8) По поведување на постапката за приватизација, со согласност на барателот, до донесување на решението за приватизација во прв степен, кон барањето за приватизација може да се приклучат други физички или правни лица кои се:

- сокорисници на градежното земјиште за кое е поднесено барањето,
- сопственици на објекти изградени со правен основ на градежното земјиште предмет на приватизација или
- сопственици на посебни делови на објект во етажна сопственост на градежното земјиште предмет на приватизација.”.

Член 15

Во член 28-г во ставот (2) зборовите: „во рок од 60 дена од денот на стекнување на сопственоста на објектот“ се заменуваат со зборовите: „до донесување решение за приватизација“.

Член 16

Во член 31 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 17

Во член 32 во ставот (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 18

Во член 33-а став (2) по алинејата 4 се додаваат тринови алинеи 5, 6 и 7, кои гласат:

„- доказ од органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи дека за градежното неизградено земјиште за кое е поднесена пријавата за промена на правото на користење во право на сопственост не е поднесено барање за приватизација согласно со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16 и 120/18),

- наследно решение со кое е утврдено дека подносителот на пријаватаги наследил правата кои произлегуваат од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, доколку подносителотна пријавата не е исто лице од уверението за историски преглед за извршените запишувања,

- потврда од надлежниот орган кој располага со градежното земјиште во државна сопственост дека не се води постапка за стекнување право на сопственост на градежно земјиште по основ на договор за купопродажба склучен со поранешен сопственик повеќе од 20 години од денот на склучувањето на договорот согласно со одредбите од Законот за градежното земјиште и

- геодетски елаборат од извршен увид на лице место и утврдена фактичка состојба.”.

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

Член 19

Членот 33-б се брише.

Член 20

Во член 33-в во ставот (1) зборовите: „18-а” се заменуваат со зборовите: „33-а“.

Член 21

Главата III „ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ” и членовите 34, 35, 36, 37, 38, 39, 45, 46, 47, 48, 49, 50, 51 и 52 се бришат.

Член 22

Во насловот на глава V „ВРЕМЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКА ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ И ЗАКУПНИНА ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ” и во насловот на точката 1. „ПРАВО НА ВРЕМЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ И ЗАКУПНИНА” зборовите: „И ЗАКУПНИНА“ се бришат.

Член 23

Во член 65 во ставот (1) зборовите: „односно закупнина“ и „односно закупнината“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „односно закупнината“ се бришат.

Член 24

Во членот 66 зборовите: „односно закупнина“ се бришат.

Член 25

Во глава V во насловот на точката 2. „ПОСТАПКА ЗА ВРЕМЕНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТ И ЗАКУПНИНА” зборовите: „И ЗАКУПНИНА“ се бришат.

Член 26

Во член 67 во ставот (1) зборовите:„и закупнина“ се бришат.

Во ставот (3) зборовите:„и закупнина“ се бришат.

Во став (4) во алинејата 1 зборовите:„односно закупнина“ се бришат.

Во алинејата 2 зборовите:„и закупнина“ се бришат.

Во алинејата 3 зборовите: „односно закупнина“ се бришат.

Во алинејата 4 зборовите: „ , односно закупнина“ се бришат.

Во ставот (5) зборовите: „односно закупнина,“ се бришат.

Во став (6) во алинејата 1 зборовите:„и закупнина“ се бришат.

Во алинејата 2 зборовите:„и закупнина“ се бришат.

Во алинејата 3 зборовите:„и закупнина“ се бришат.

Член 27

Во член 68 во ставот (1) зборовите: „и закуп“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „ ,односно закупнина“ се бришат.

Во ставот (3) зборовите: „ ,односно закупнина“ се бришат.

Член 28

Во член 69 во ставот (1) зборовите: „ , односно закупнина“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „ , односно закупнина“ се бришат.

Член 29

Во член 70 во ставот (1) зборовите: „ ,односно закупнина“ се бришат, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (2) зборовите: „ ,односно закупнина“ се бришат.

Член 30

Во глава V насловот на точката 3. „ПОСТАПКА ЗА ПРЕСТАНОК НА ВОСПОСТАВЕНИОТ ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ” и членовите 70-а, 70-б и 70-в се бришат.

Член 31

Членот 75 се менува и гласи:

„Одземањето на правото на користење на градежното земјиште согласно со членовите 72 став (2), 73 став (2) и 74 став (1) од овој закон е од јавен интерес.”.

Член 32

Членот 76 се менува и гласи:

„Одземањето на правото на користење од членовите 72 став (2), 73 став (2) и 74 став (1) од овој закон се врши по предлог на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, на начин и во постапка предвидена со Законот за експропријација.”.

Член 33

Членот 76-а се менува и гласи:

„Против решението за одземање на правото на користење на градежното земјиште од членовите 72, 73 и 74 од овој закон, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.”.

Член 34

Во член 79 ставот (4) се брише.

Во ставот (5) кој станува став (4) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 35

Во член 80 во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 36

Во член 80-а во ставот (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“, се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 37

Во член 80-б став (3) во алинејата 3 зборовите: „Геодетски елаборат за утврдена фактичка состојба и формирање“ се заменуваат со зборовите: „Геодетски елаборат од извршениот премер во функција на одржување на катастарот на недвижностите заради формирање посебна катастарска парцела“.

Во ставот (4) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (6) зборовите: „(првостепено и второстепено решение)“ се бришат.

Член 38

Во член 83 во ставот (1) зборовите:„и закупнина“ се бришат.

Член 39

(1) Физичките лица поранешни сопственици на градежно неизградено земјиште кои во катастарот на недвижности се запишани како корисници или биле запишани како корисници до бришењето на корисничките права согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 153/15) и Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18), за кое не било поднесено барање за приватизација,можат да поднесат пријава за промена на правото на користење градежно неизградено земјиште во право на сопственост до Агенцијата за катастар на недвижности.

(2) Пријавите за промена на правото на користење на градежно неизградено земјиште во право на сопственост одставот (1) на овој член, можат да се поднесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) По истекот на рокот од ставот (2) на овој член, корисничките права кои останале неизбришани во катастарот на недвижности, ќе бидат избришани согласно со одредбите на членот 40 од овој закон.

Член 40

(1) Корисничките права на градежното изградено и неизградено земјиште кои биле предмет на бришење согласно со членот 16 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 153/15) и согласно со членот 3 став (3) од Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18), а истите и понатаму се запишани во катастарот на недвижностите, Агенцијата за катастар на недвижности е должна да изврши нивно бришење во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, не се предмет на бришење корисничките права на градежното изградено и неизградено земјиште запишани согласно со Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија број 275/19, 153/23, 224/24 и 233/24).

Член 41

Доколку во постапка пред Агенцијата за катастар на недвижности поведена согласно членот 39 од овој закон се констатира декае избришано правото на користење на градежно неизградено земјиште согласно со одредбите од членот 16 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 153/15) и членот 3 став (3) од Законот за изменување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18), а притоа постои неидентичност на податоците на катастарската парцела од правниот основ, со податоците кои се запишани во соодветната јавна книга за недвижности, промената на правото на користење на градежното неизградено земјиште во право на сопственост се врши врз основа на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - теренска идентификација, со или без премерување на недвижноста.

Член 42

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 43

Започнатите постапки по поднесените барања за приватизација до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 44

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.